Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), а во врска со член 54 став 1 од цитираниот Закон, точка 6 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за поступување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4241/1 од [illegible]0.2025 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-3217/1 од 24.8.2026 година и Заклучокот арх.бр.02-3447/4 од 22.9.2026 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 32 седница одржана на 22.9.2026 година, го донесе следното

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DH AUDIOVIZUELE
УП1 Број: / Numer: 03-248
23.09.2026 година / viti
СКОПЈЕ / SHKUP

## Решение
## за преземање мерка - јавна опомена

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво (ТРД) ТВ-СТАР ДОО Штип, заради извршена повреда на член 54 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на начин што радиодифузерот во рамките на својот телевизиски програмски сервис, емитуван на 6 август 2026 година, во две изданија од забавно-документарната емисија „1001 оброк“, преку посебно промотивно препорачување директно се поттикнуваше купување производи од трговската марка SC Jonson, еден од спонзорите на емисијата.

   Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по датум на емитување, наслов на емисијата, период на емитување (почеток и крај) и цитати од визуелното и вербално посебно промотивно препорачување на производите, во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-3217/1 од 24.8.2026 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД ТВ-СТАР ДОО Штип, во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## Образложение

Агенцијата врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата против издавач на медиум презема мерка - јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда или прекршување на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Согласно член 54 став 1 од ЗАВМУ, спонзорираните аудио или аудиовизуелни медиумски услуги или програми не смеат директно да поттикнуваат купување или изнајмување на стоки или услуги, особено преку нивно посебно промотивно препорачување.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 24 август 2026 г., изврши редовен програмски надзор врз програмскиот сервис на ТРД ТВ-СТАР ДОО Штип, емитуван на 6 август 2026 г., на регионално ниво, при што констатираше прекршување на член 54 став 1 од ЗАВМУ.

Имено, со надзорот е констатирано дека во две изданија од забавно-документарната емисија за готвење „1001 оброк“ емитувани во периодите од: 08:49:25 до 09:34:30: часот и од 14:27:00 до 15:11:16: часот преку посебни промотивни препорачувања се поттикнувало купување хигиенски производи од трговската марка SC Jonson, еден од спонзорите на емисијата. Промовирањето на производите не беше на никаков визуелен начин графички одвоено од другите делови на емисијата, а препораката на производите немаше никаква намена за конкретното кулинарско дејствие. Визуелно и вербално - посебното промотивно препорачување беше направено на следниов начин: во непроменетиот студиски амбиент за емисијата, со среднокрупни планови на снимање за фронтален приказ брендиран производ, во времетраење од 20 до 40 секунди, емитувани се пет посебни промотивни спота за хигиенски производи од трговската марка SC Johnson; водителката на емисијата директно поттикнуваше купување на производите: преку опис на нивната основна употреба, функционалноста и други својства (цитати).

Повредата од точка 1 на ова Решение, специфицирана е по датум на емитување, наслов на емисијата, период на емитување (почеток и крај) и цитати од визуелното и вербално посебно промотивно препорачување на производите, во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-3217/1 од 24.8.2026 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД ТВ-СТАР ДОО Штип, на 1.9.2026 г., испрати Допис арх.бр.10-3217/2 од 25.8.2026 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-3217/1 од 24.8.2026 г., со цел во рок од 7 (седум) работни дена од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Дописот беше уредно примен од страна на радиодифузерот на 3.9.2026 година. Во предвидениот рок, ТРД ТВ-СТАР ДОО Штип, не се изјасни за стореното прекршување на Законот. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 22.9.2026 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на ТРД ТВ-СТАР ДОО Штип да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 54 став 1 од цитираниот Закон, точка 6 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка и Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-3217/1 од 24.8.2026 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на 32 седница одржана на 22.9.2026 г., согласно Заклучокот арх.бр.02-3447/4 од 22.9.2026 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД ТВ-СТАР ДОО Штип и му се наложува во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, Агенцијата ќе изврши контролен надзор, со цел да утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него издавачот на медиум (радиодифузерот) може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на совет,**

**м-р Сашо Стефановски**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-3217/1 од 24.8.2026 г.

**Доставено до:**
- ТРД ТВ-СТАР ДОО Штип;
- Управителот на ТРД ТВ-СТАР ДОО Штип;
- Одговорното лице на програмата во ТРД ТВ-СТАР ДОО Штип;
- Сектор за правни работи и јавни набавки;
- Сектор за програмски работи и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 24.08.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 3217/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип;
3. **Период опфатен со надзорот:** 6 август 2026 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 24 август 2026 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
   - **Член 50-а од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на личните податоци на малолетните лица);
   - **Правилник за заштита на малолетните лица – пречистен текст** (Бр. 01-4898/1 од 22.11.2024)
   - **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);
   - **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи – пречистен-текст** (Бр. 01-2970/1 од 05.07.2024);
   - **Правилник за спонзорство – пречистен текст** (Бр. 01-4897/1 од 22.11.2024);
   - **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/15);
   - **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
   - **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги-** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
   - **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 185/14);
   - **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 185/14).

6. **Претходно изречена мерка: /**

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор реализиран врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ-СТАР ДОО Штип, емитуван на 6 август 2026 година, на регионално ниво, **констатирано е прекршување на членот 54 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*Спонзорираните аудио или аудиовизуелни медиумски услуги или програми не смеат директно да поттикнуваат купување или изнајмување на стоки или услуги, особено преку нивно посебно промотивно препорачување).*

Во две изданија од забавно-документарната емисија за готвење „1001 оброк", преку посебни промотивни препорачувања се поттикнуваше купување хигиенски производи од трговската марка SC Jonson, еден од спонзорите на емисијата. Промовирањето на производите не беше на никаков визуелен начин графички одвоено од другите делови на емисијата, а препораката на производите немаше никаква намена за конкретното кулинарско дејствие.

**6 август 2026 г.**

| **Наслов на емисијата** | **Период на емитување** | |
|---|---|---|
| | **Почеток** | **Крај** |
| **„1001 оброк"** – забавно-документарна емисија; | 08:49:25 | 09:34:30 |
| **„1001 оброк"** – забавно-документарна емисија; | 14:27:00 | 15:11:16 |

Визуелно и вербално - посебното промотивно препорачување беше направено на следниов начин:

- во непроменетиот студиски амбиент за емисијата, со среднокрупни планови на снимање за фронтален приказ брендиран производ, во времетраење од 20 до 40 секунди, емитувани се пет посебни промотивни спота за хигиенски производи од трговската марка SC Johnson;

- водителката на емисијата директно поттикнуваше купување на производите: преку опис на нивната основна употреба, функционалноста и други својства (цитати):

<u>од изданието емитувано од 08:49:25 до 09:34:30</u>:

- (09:14:55-09:15:30) *Ајде дури се пече нашата пита, то ест термички ни се обработува, да кажам некој збор за ова средство, за овој бренд на* ***SC Johnson****, а тоа е* ***„Pronto" за ламинат****. Дефинитивно се користи за сите видови на ламинат, за сите бои, за убаво одржување на сјајот на ламинатот и одржување на висока хигиена, исто така, на тој ламинат. Користете го почесто за да имате сјајни површини во вашиот дом;*

- (09:30:37-09:31:17) *Како што знаете, средството* ***„Duck“ на SC Johnson*** *го користиме за секојдневна заштита, високоантибактериска хигиена во WC-школката. Формата е и тоа како прилагодена да ги опфати сите можни делови на WC-школката, да може да се распрскува со средството, да одржува високоантибактериска хигиена. Го има во вид на гел и во вид на течност, барем еден од овие препарати да си ги имате дома, и да ви биде мирна глава – она дека немаме бактерии по WC-школката;*

<u>од изданието емитувано од 14:27:00 до 15:11:16:</u>

(14:52.39-14:53:08) – *Ајде сега дружба малку со* ***„Pronto legno pullito“ – бренд на SC Johnson*** *којшто чисти, храни, освежува, негува, отстранува прашина и е погодно за сите видови дрвени површини што вие ги имате во вашиот дом. Користете го, целиот дом ќе ви сјае, ќе ви биде пријатно и во однос на аромата што ја дава и во однос на очите што ќе бидат наполнети. Користете го.*

(15:01:37-15:02:04) – *Ајде неколку зборови за ова средство на* ***SC Johnson – „Pronto, распрскувач со алое вера“****. Да си го имате дома, зошто – затоа што: нежно чисти, отстранува секакви дамки и нечистотии од сите видови дрвени површини, и фантастично го одржува природниот лик на дрвото. Имајте си го дома, ќе бидете многу задоволни.*

(15:07:13-15:07:56) – *Неколку збора за* ***Mr. Muscle, кое средство е познат, бренд на SC Johnson****. Ова средство, се надевам, го имате во секој дом, затоа што убаво е на месечно ниво да правиме превенција во нашите одводни цевки во купатилото и во кујната, за да не доаѓа до затнување од страна на секакви нечистотии, од сапуница, од било какви затнувачи на тие цевки. Дефинитивно не ги оштетува одводните пластични цевки, имајте го дома, добар пријател ќе ви биде, и во превенција, но и за недајбоже во интервенција. Користете го.*

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 54 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, на телевизискиот програмски сервис ТРД ТВ-СТАР ДОО Штип, емитуван на 6 август 2026 година, во две изданија од забавно-документарната емисија „1001 оброк“, преку посебно промотивно препорачување директно се поттикнуваше купување производи од трговската марка SC Jonson, еден од спонзорите на емисијата.

**9. Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип, и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр. 01-4241/1 од 01.10.2025 година, да му наложи – **во рок од 20 дена по приемот на**

**решението** да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***